РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1119/4
26-07-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 8-та седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-1119/1 од 12.03.2024 година, оформен по доставена пријава за службеното лице ------, вработена во Државен инспекторат за ------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, бидејќи за предметниот случај во тек е постапка пред друг надлежен орган - Основно јавно обвинителство - Скопје.

Предметот со бр. 12-1119/1 од 12.03.2024 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 12.03.2024 година, поднесена е пријава за службеното лице ------ вработена во Државен инспекторат за ------ и оформен е предмет број 12-1119/1 од 12.03.2024 година година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи дека лицето ------ вработена во Државниот инспекторат за ------ на РСМ за себе прибавила корист, бидејќи со лажно претставување ја заземала позицијата на останатите кандидати за вработување кои биле пријавени на огласот за вработување во 2014 година, но и при своето унапредување исто така незаконски заземала позиција на останатите вработени кои се пријавиле на огласот за унапредување во 2019 година. Дополнително, ------ сеуште како вработено службено лице имала влијание и со

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

умисла делувала како овластено лице на Одделението за ------, иако истата била вработена и во Одделение за ------, со цел да ги прикрие своите кривични дела за кои е одговорна.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Основното јавно обвинителство - Скопје.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Со допис - Информација А бр. ------ од ------ година, ОЈО – Скопје, ја информира ДКСК дека во ОЈО – Скопје е оформен предмет КО бр. ------, со тоа што на ------ година кривичната пријава била доставена на надлежно постапување во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, бидејќи за предметниот случај се води постапка пред друг надлежен орган – ОЈО Скопје и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: М-р В.З, Виш соработник
Контролирал: М-р К.З, Раководител на одделение
Согласен: М-р И.П, Раководител на сектор